Center for Economic Analysis

Врз основа на одржаниот состанок на ден 27 Јули 2004 година во просториите на Министерството за економија, ЦЕА ја донесува следнава

# АДЕНДА

1. На ден 27 Јули 2004 година се одржа состанок во просториите на Министерството за економија по повод падот на индустриското производство во првите пет месеци од 2004 година.

2. На состанокот присуствуваа претставници од Министерството за економија, Државниот завод за статистика и претставници од ЦЕА. На состанокот претседаваше Министерот за економија, г-динот Стевче Јакимовски.

3. Предмет на расправа беше изработената Анализа на падот на индустриското производство во 2004 година од страна на ЦЕА како и писмото забелешки од страна на Државниот завод за статистика по изработената од ЦЕА анализа.

4. ЦЕА во нивната анализа ги беше вградило информациите, податоците и сугестиите како и последните забелешки од Државниот завод за статистика кои беа пристигнати до 8:00 часот на ден 21.07.2004 година.

5. Државниот завод за статистика бараше време за дополнителни пресметки кои ги изложи на состанокот.

6. ЦЕА го прифаќа објаснувањето на Државниот завод за статистика за пресметка на индексот во случајот на ОКТА и затоа предлага до Министерството за економија да го земе во предвид ова објаснување од Државниот завод за статистика при разгледување на нашиот извештај секаде каде се спомнува ОКТА.

7. ЦЕА ја прифаќа забелешката на Државниот завод за статистика за тоа дека информационата технологија не е добар пример за да биде вклучен во примерокот имајќи во предвид дека во овој момент оваа дејност опфаќа само 0.6 % во вкупната додадена вредност во РМ во 2003 година.

8. ЦЕА не ја прифаќа забелешката на Државниот завод за статистика дека анализата изработена од ЦЕА "не ја исполнила во целост договорената задача, бидејќи анализата првенствено била сведена на анализа на примерокот врз основа на кој се следи динамиката на индустриското производство".

9. Го упатуваме Државниот завод за статистика на Предлог проектот доставен до Министерството за економија од страна на ЦЕА каде ЦЕА ги опишува чекорите по кои ќе работи. ЦЕА во целост ги исполни очекувањата од Министерството за економија по доставениот до нив предлог проект. Во тој предлог проект е опишано меѓудругото: **"Целта е да се утврди дали има индустриски гранки каде што примерокот не го одразува најсоодветно производството во индустриската гранка".** Исто така го потсетуваме Државниот завод за статистика дека истиот предлог проект беше дискутиран на прелиминарниот состанок во просториите на Државниот завод за статистика помеѓу нивни претставници и претставници од ЦЕА и кога се договараше начинот на работа помеѓу двете организации.

10. По однос на првата точка од забелешките на Државниот завод за статистика ЦЕА укажува дека првиот и вториот пасус во нивните забелешки, воопшто не се спорни и уште повеќе, ЦЕА во нивната анализа во комплет го вгради мислењето од Државниот завод за статистика.

11. На забелешката дека дадените заклучоци од ЦЕА произлегуваат само од движењата за првите пет месеци од 2004 година, го упатуваме Државниот завод за статистика на предлог проектот и на насловот на нашиот извештај кој во сите прелиминарни и завршни фази прво беше на разгледување кај нив, а потоа кај нашиот клиент Министерството за економија. Заклучок е дека тоа и беше целта на проектот, да се утврдат причините за падот во 2004 година, така да ЦЕА може да донесува заклучоци од она што ни било доставено за тој период и од она што го анализиравме за тој период.

12. Во однос на втората точка од забелешките на Државниот завод за статистика ЦЕА уште еднаш го поздравува доаѓањето на Експертска помош од CARDS програмата, како и новиот примерок во подготовка, но податоците за

најмалку 2004 година за индексот на индустриското производство ќе мора да бидат ревидирани.

13. ЦЕА не ја разбира нервозата на последната забелешка во болд со која завршуваат забелешките на Државниот завод за статистика, затоа што препораките од анализата на ЦЕА во точка 3 и 4 се всушност преземени од Извештајот за работата на Државниот завод за статистика во 2003 година. ЦЕА само ги презема нивните заклучоци од нивниот извештај.

14. Табелата прилог од забелешките на Државниот завод за статистика е излишна и не дава никаква корисна информација.

15. ЦЕА е на мислење дека Државниот завод за статистика требаше да ја даде во забелешките како прилог табелата на споредба на оддели во БДВ во популацијата и во примерокот која дава информација за (не)репрезентативноста на примерокот во одредени оддели. Сепак Државниот завод за статистика ја достави на увид таа табела во текот на состанокот.

16. ЦЕА смета дека Државниот завод за статистика се уште не дал одговор како ќе ја извести јавноста и своите клиенти за грешката во пресметката на месечните индекси во јануари и февруари.

17. ЦЕА смета дека Државниот завод за статистика се уште не дал одговор за неконзистентност во девет оддели каде во трендот на масата на индустриското производство има раст/пад, додека во трендот на индексот на индустриското производство има пад/раст.

18. ЦЕА смета дека Државниот завод за статистика се уште не дал одговор дали ќе изврши ревидирање на индексите за најмалку 2004 година имајќи ја во предвид (не)репрезентативноста на примерокот во одредени оддели.